Република Македонија
НОТАР
ИВАНА КАТЕВЕНОВСКИ
За подрачјето на Основните судови на градот Скопје
бул.Александар Македонски ББ
31.05.2013 година

ОДУ бр. 281/13
Книга 2

*ИЗВОД*

# НОТАРСКИ АКТ

31.05.2013 /двеилјадиитринаесетта година, месец мај, ден триесетипрви/---
Јас, Нотар Ивана Катевеновски од Скопје, со седиште на Бул. Александар Македонски бб, денес на ден триесет и први, месец мај, двеилјадиитринаесетта година, во 12:00 (дванаесет) часот, на барање на МАКСТИЛ АД Скопје, присуствував на седницата назакажаното годишно собрание на МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје, со седиште во Скопје на 16-та Македонска Бригада бр. 18. Седницата на собранието се одржува во седиштето на УГОТУР АД Скопје, на 16-та Македонска Бригада бр. 18, со почеток во 12:10 (дванаесет часот и десет минути) часот, на ден триесетипрви, месец мај, во година двеилјадиитринаесетта, при што согласно член 73 од Законот за Нотаријат и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговски друштва (Службен весбник на РМ број 28/2004), го составиви следниот ---

## ---ЗАПИСНИК---

**---од седница на собрание на МАКСТИЛ АД Скопје---**

Непосредно пред почетокот на Собранието на мое барање ми беа предочени:---
**А)**Тековна состојба на правното лице од која утврдив дека МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје со седиште во Скопје, на ул. 16-та Македонска Бригада бр. 18, е основано на ден 18.06.1997 година и е запишано во единствениот трговски регистар, со ЕМБС 5166250 и единствен даночен број 4030997338244.---

**Б)**Акционерска книга на МАКСТИЛ АД Скопје издадена во електронска форма (ЦД ексел) од Централниот депозитар за хартии од вредност на ден 30.05.2013 (двеилјадиитринаесетта година, месец мај, ден триесетти) во 12:45:00 – 12 (дванаесет) часот и 45 (четириесетипет) минути, од која утврдив дека номиналната основна главнина на Друштвото изнесува 579.773,31654 ЕУР (петстотиниıседумдесетидеветилјадиıседумстотиниıседумдесет итриевраитриесетиеденцент), која е поделена на вкупно 14622943 (четиринаесетмилиониишестотиниидваесетидвеилјади идеветстотиниичетириесетитри) акции, чија номинална вредност изнесува 5.11 ЕУР (петевраиединаесетценти) и дека бројот на гласовите на собранието изнесува 9137521 (деветмилиониистоитриесетиседумилјадиипетстотиниидваесетиедна).---
**В)**Копија од јавниот повик за свикување на Собрание на акционерите на МАКСТИЛ АД Скопје, објавен на 03.05.2013 година (двеилјадиитринаесетта година, месец мај, ден трети) со кој се повикуваат акционерите да присуствуваат на денешната седница на закажаното годишно собрание на акционерите на МАКСТИЛ АД Скопје, со почеток во 12:00 (дванаесет) часот.---

**Г)**Списокот на пријавени акционери кој е составен дел и прилог на овој Записник, при што лично утврдив дека уредно се имаат пријавено 13 (тринаесет) акционери со вкупен број на гласови 9137521 (девет милиони и сто и триесет и седум илјади и петстотини и дваесет и една) акции.---

Со оглед на тоа што на седницата се присутни акционери со број на акции кои даваат право на на 9137521 (девет милиони и сто и триесет и седум илјади и петстотини и дваесет и една) акции, од вкупно 14622943 (четиринаесетмилиониишестотиниидваесетидвеилјадиидеветстотини ичетириесетитри) акции кои даваат право на глас, постои кворум за одлучување на собранието и тоа како со просто така и со двотретинско мнозинство. ---
Собранието го отвори претседавачот од претходното собрание Чикова Славица, која ги поздрави присутните акционери, го прочита и го објави дневниот ред, и констатираше дека собранието на

денешната седница ќе работи по следниот:---------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------ДНЕВЕН РЕД---------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**I.ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**-----------------------------------------------------------------------------------------

1.Избор на претседавач на Собранието;-----------------------------------------------------------------------

2.Избор на бројачи на гласови;---------------------------------------------------------------------------------

3.Записникот ќе го води Нотар.---------------------------------------------------------------------------------

**II.РАБОТЕН ДЕЛ**------------------------------------------------------------------------------------------------

1.Разгледување и донесување на одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на акционерското друштво и разгледување на извештајот на овластениот Ревизор за деловната 2012 година;-----------------------------------------------

2.Расправа и донесување Одлука за одобрување на работата и водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на одборот на директори;-------------------------------------------

3.Донесување на Одлука за распоредување на нето добивка по годишната сметка за 2012 година;-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

4.Донесување на одлука за отповикување на членови на Одборот на директори;---------------------

5.Донесување на Одлука за избор на членови на одборот на директори;-----------------------------

6.Донесување на Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за 2013 година.-------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието го стави на гласање дневниот ред, и истиот беше усвоен едногласно.---------------------------------------------------------------------------------------------------------

По објавувањето на дневниот ред се пристапи кон процедуралниот дел од работењето на Собранието, каде што Чикова Славица ги информираше акционерите дека согласно ЗТД Претседавач на собранието се бира за секоја седница, и побара предлог од акционерите. За претседавач на денешната седница на Собранието беше предложена Чикова Славица од Скопје, ул. Иван Аговски бр. 8/4-16, со ЕМБГ 0103959455108, и истата едногласно беше избрана за претседавач на Собранието. -----------------------------------------------------------------------------------

Избраниот претседавач констатираше дека на Собранието е присутен Нотар Ивана Катевеновски која ќе го води записникот и согласно втората точка од процедуралниот дел од објавениот дневен ред му предложи на Собранието да изврши избор на бројачи на гласови, и ги предложи акционерите Зора Димитровска и Елена Прличкова-Арсиќ, по што предлогот го стави на гласање и истиот беше усвоен едногласно.------------------------------------------------------------------------------

По завршувањето на процедуралниот дел, Претседавачот на собранието премина на работа со вториот-работен дел од дневниот ред.------------------------------------------------------------------------

**1.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред -Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на акционерското друштво и разгледување на извештајот на овластениот Ревизор за деловната 2012 година.**-------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, при што предложи да се сослушаат воведните излагања за годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото. Претседавачот му даде збор на генералниот директор Г-Дин Александар Панов.--------------------------------------------------------------------------

Ги поздрави присутните акционери, констатира дека составот на собранието на акционери е сличен со претходниот. Нагласи дека менаџментот е во надеж дека секое наредно собрание ќе биде подобро, но за жал дека не е така. Компанијата МАКСТИЛ АД Скопје работи во многу сложени услови на пазарот, пред се поради општата деловна клима на глобалниот пазар и кризата со јавните финансии. Годината што измина започна со благо закрепнување на економијата, но краткотрајно. Исто така и должничката криза во Еврозоната изврши значително негативно влијание на побарувачката на челик во Европа. Во такви отежнати услови се затворија многу капацитети, додека останатите работеа со намален процент на искористување на производствените капацитети.-----------------------------------------------------------------------------------

Работењето во вакви сложени услови наметна и едно темпо на работа со воведување на мали производни кампањи заради рационализација на трошоците, па ваквите адаптации се неопходни заради подготвеноста да одговори на нарачките со краток рок на испорака што во денешно време претставува императив во работењето. Меѓутоа на овој начин компанијата си обезбедува присуство на регионалниот и светскиот пазар со цел максимално исполнување на потребите и очекувањата на купувачите, акционерите, вработените и добавувачите. Менаџерскиот тим се

и на неколку други сегменти, како што се: максимално искористување на челичниот полуфабрикат преку зголемување на металниот извадок, подобрување на процесните параметри во функција на унапредување на квалитетот на финалните производи, рационализација на трошоците и процесите, воведување на нови производи во производната програма, како и освојување на нови пазари, зголемување на сопствените продажби како и зголемување на приходите од продажбата во услови на екстерна нестабилност.---------------------------------------------

Друштвото беше принудено да изврши промена на поставените плански производни цели. Производството на контилеан слаб се намали и го достигна нивото на производство како во 2001 година. Обемот на продажба во земјите-членки на Европската унија се намали, испораките во Хрватска и во Турција бележат намалување. Продажбите во земјата бележат намалување. Намалениот обем на производство и продажба се рефлектираше и на бројот на вработените. Изминатата година заради промена во нормалниот режим на работење и воведување на мали производни кампањи, бројот на вработените се намали за 137 (935) извршители. --------------------

Но, и покрај комплексните пазарни услови друштвото продолжи со реализација на нови инвестициски зафати, меѓу кои најзначајни се следните: инсталиран е систем за ладење на електроди, во потреба е пуштена новата опрема во пескара, со која се постигна унапредување на квалитетот на пескарните лимови. ----------------------------------------------------------------------------

Г-Дин Александар Панов истакна дека МАКСТИЛ АД Скопје и понатаму продолжува да посветува внимание на барањата на Европската Унија за намалување на штетните гасови, исто така друштвото продолжи и со активностите на планот на корпоративната општествена одговорност во сферата на заштита на животната средина, односите со вработените, односите со добавувачите и купувачите, како и односите со локалната и пошироката општествена заедница, финансиска поддршка на спортското друштво МЕТАЛУРГ, донирани средства за санација на Технолошко-металуршкиот факултет, дадена е и финансиска поддршка за програмата за обнова на градинки и училишта во Оптшина Гази Баба, се продолжува со финансирање на школата за млади лидери која се одржува под покровителство на Претседателот на Републиката, дадена е и финансиска поддршка на Градот Охрид за промоција на неговите туристички потенцијали, ракометната федерација на РМ, Глобалниот инвестициски самит Македонија 2025, изградба на православниот храм Св. Константин и Елена и др. ------------------------------------------------------

Потоа збор зема Г-Дин Митко Кочовски-директор за стратегиско планирање и финансиска анализа, кој ја прочита рекапитулацијата на годишната сметка за 2012 година, со остварените приходи и расходи, како и бруто и нето добивката на друштвото. Истакна дека општите услови во кои се одвиваше деловната активност ги карактеризираа сериозни економски проблеми на светската економска сцена кои беа проследени со пад на економската активност, беше намалена инвестиционата потрошувачка, со исклучок на 2011 година која создаде нереален привид дека светската рецесија е надмината, своите корени ги влечат уште од 2008 година кога глобалната економска криза особено тешко ја погоди светската челична индустрија, а имаше крајно неповолни рефлексии и на нацоналната, посебно проблематична беше забраната за вршење на промет и откуп на старо железо. Производната активност беше редуцирана и на некој начин тоа беше одговор за новонастанатата ситуација, не не и решение на проблемите, а особено не за реализација на зацртаните инвестициски вложувања, а посебно за оние во делот на заштина на животната и работна средина. Презентираните производни и финансиски показатели се под нивото на производните капацитетни можности на носечките агрегати и нивната подобрена енергетска ефикасност, ако се направи увид во вертикалната структуираност на сопственичкиот биланс на страната на активата се има зголемување на учестовото на постојните средства споредено со 2011 година и намалување на тековните, обртни средства. На страната на пасивата улеството на капиталот и резервите бележи зголемување, учеството на долгорочните кредити бележи намалување и учеството на краткорочните обврски по сите основи бележи зголемување.-

Претседавачот и даде збор на Гордана Никушевска која го образложи извештајот на независните ревизори изготвен од КМПГ Македонија ДОО Скопје, при што на акционерите посебно им ги образложи причините за воздржувањето од мислење искажано во ревизорскиот извештај. Потоа збор зема Тихомир Мукаетов-акционер, кој праша дали друштвото ќе има напишани финансиски извештаи за 2010 година и за годините наназад по меѓународни стандарди, по што од страна на Александар Панов му беше одговорено дека заради конзистентност, заради судски спор и заради приход кој не е наплатен мора да се изврши финансиски извештај по меѓународни стандарди, ама дека наназад нема да се навраќаме, сепак ревизорскиот извештај е јавен, тој ќе биде објавен и на берза и во весник. Тихомир Мукаетов постави друго прашање за генералниот директор, кое се однесува на согледување на перспективите на фирмата со ситуацијата во

Европа, по што од страна на Александар Панов му беше одговорено дека во излагањето имаше одговор на ова прашање, наредните години нови организациони алатки, секој зголемен трошок да се намали, се она што е искуство од економски аналитичари, дека одговорните лица во друштвото ја пратат ситуацијата во Европа, дека е илузорно да се мисли дека лесно ќе се излезе од кризата, но затоа се прават акциони планови, се оспособува кадар, луѓето кои што се ангажирани не смеат да бидат комотни. Менаџерскиот тим не бега од одговорноста и се труди да биде мобилен постојано.---------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието запраша дали некој друг дали се јавува за збор, па бидејќи никој не се јави за збор, Претседавачот годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на акционерското друштво и разгледување на извештајот на овластениот Ревизор за деловната 2012 година, ги стави на гласање, и констатираше дека Собранието ја усвои. -------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека Одлуката за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на акционерското друштво и разгледување на извештајот на овластениот Ревизор, беше усвоена едногласно со 9137521 гласа по пат на јавно гласање со кревање раце.-------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред -Расправа и донесување Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на директори.**-----------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, ги прочита членовите на Одборот на директори, па бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање. ----------------------------------------------------

Потврдувам дека Одлуката за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на одборот на директори, беше усвоена едногласно со 9137521 гласа по пат на јавно гласање со кревање раце.-----------------------------------------------------------

**3.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред -Расправа и донесување на Одлука за распоредување на нето добивка по годишната сметка за 2012 година**.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, па бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање. ----------

Потврдувам дека Собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 9136415 гласа ЗА и 1106 гласа ПРОТИВ ја донесе Одлуката за распоредување на нето добивката по годишната сметка за 2012 година.-------------------------------------------------------------------------------------------

**4.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред -Расправа и донесување на Одлука за отповикување на членови на одборот на директори.**---------------------------------------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата истакнувајќи дека отповикувањето на членовите на Одборот на директори се врши поради престанувањето на мандатот освен на еден член на одборот, на кој не му престанува мандатот, а тоа е Антонио Гоззи. Па бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање со поединечно гласање за секој од членовите и тоа:---------------------------------------------

**-Г-дин Минчо Јорданов едногласно со со 9137521 гласа ЗА,**-----------------------------------------

**-Г-дин Иван Цветковски едногласно со 9137521 гласа ЗА,**---------------------------------------------

**-Г-дин Јури Василев едногласно со 9137521 гласа ЗА,**-----------------------------------------------------

**-Г-дин Мино Дамјановски едногласно со 9137521 гласа ЗА,**-----------------------------------------

**-Г-дин Сергеј Тарута едногласно со 9137521 гласа ЗА,**----------------------------------------------------

**-Г-дин Александар Панов едногласно со 9137521 гласа ЗА,**----------------------------------------

**-Г-дин Нове Георгиевски едногласно со 9137521 гласа ЗА,**------------------------------------------.

Потврдувам дека Одлуката за отповикување на членови на одборот на директори, беше усвоена едногласно со 9137521 гласа по пат на јавно гласање со кревање раце за секој од членовите поединечно.------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред -Расправа и донесување на Одлука за избор на членови на Одборот на директори.**--------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, за збор се јави полномошникот на ДУФЕРКО СКОП ИНВЕСТМЕНТ ЛТД и го предложи: Минчо Јорданов, Иван Цветковски, Јури Василев, Мино Дамјановски, Сергеј Тарута, Александар Панов и Нове Георгиевски. Па бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање со поединечно гласање за секој од членовите и тоа:------.

-Г-дин Минчо Јорданов со 9136415 гласа ЗА, 1106 гласа ПРОТИВ,--------------------------------
-Г-дин Иван Цветковски едногласно со 9137521 гласа ЗА,--------------------------------
-Г-дин Јури Василев едногласно со 9137521 гласа ЗА,--------------------------------
-Г-дин Мино Дамјановски едногласно со 9137521 гласа ЗА,--------------------------------
-Г-дин Сергеј Тарута едногласно со 9137521 гласа ЗА,--------------------------------
-Г-дин Александар Панов едногласно со 9137521 гласа ЗА,--------------------------------
-Г-дин Нове Георгиевски едногласно со 9137521 гласа ЗА,--------------------------------

Потврдувам дека Одлуката за избор на членовите на Одборот на директори, беше усвоена по пат на јавно гласање со кревање раце за секој од членовите поединечно.--------------------------------

**6.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред -Расправа и донесување на одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за 2013 година.**--------------------------------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред истакнувајќи дека Одборот на директори на Собранието на МАКСТИЛ АД Скопје му ја предлага ревизорската куќа КМПГ Македонија ДОО Скопје за овластен ревизор за деловната 2013 година. Па бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истат ја стави на гласање. --------------------------------

Потврдувам дека Одлуката за избор на овластен ревизор, беше усвоена едногласно со 9137521 гласа по пат на јавно гласање со кревање раце.--------------------------------

Откако беше исцрпен дневниот ред, Претседавачот констатира дека собранието заврши со работа во 13:10 (тринаесетичасотидесет) часот.--------------------------------

Потврдувам дека овој записник лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието, и дека го предупредив на правните последици од оваа правна работа.--------------------------------

Странката изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој Нотарски Акт во целост одговара на дејствијата кои се случуваа на седницата на Собранието.--------------------------------

Овој нотарски акт е составен на пет страни од пет листа. На странката и се издаваат два изводи, а изворниот акт се чува во мојата архива.--------------------------------

Нотарската такса за заверка по тарифен број 28 од Законот за судски такси и член 144 ст. 4 од законот за нотаријат во износ од **500,00** денари, наплатена и поништена примерокот кој останува за архивирање. --------------------------------

Нотарска награда е пресметана во износ од **10.000,00** денари.--------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------

За учесникот во постапката, Претседавач на Собранието

**Чикова Славица** с.р.

**ОДУ бр. 281/13,** Скопје, 31-05-2013-двеилајдиитринаесетта година, месец мај, ден триесетипрви.

**НОТАР Ивана Катевеновски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НОТАР ИВАНА КАТЕВЕНОВСКИ СКОПЈЕ